ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 48/2
Датум:02.01.2025
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024 ), а во врска со дел од Програмата за активностите на Општина Карпош за 2025 година, Глава II Проектни активности, точка. 9 Финансиска поддршка на проекти од областа на образованието („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 21/2024 и Одлуката за објавување на Оглас за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за 2025 година бр. 11-48/1 од 02.01.2024 година. Комисијата за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година со бр. 09-8851/29 од 17.12.2024 год објавува:

# О Г Л А С
## за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за 2025 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица регистрирани за дејности кои го опфаќаат образованието во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот со точна пресметка (административни и комуникациски трошоци, материјали за работа, хонорари со вклучен персонален данок)

**Правни лица:**

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот со точна пресметка (административни и комуникациски трошоци, материјали за работа, хонорари со вклучен

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 903 02/3055 939*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk emilija.arsovska@karpos.gov.mk*

персонален данок)
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
4. Портфолио

**III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните/жителите на Општина Карпош
2. Проектот да предвидува активно вклучување на учениците, наставниците и стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменетза нив
3. Проектите да се однесуваат за теми од здравата животна средина, психо-социјалниот живот на учениците, промоција на добросостојба на учениците во семејството и училиштето, заштита од насилство, развивање на спортскиот дух, градење вештини кај наставниците и сл.

**IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање**

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**V. Начин на пријавување**

Документите можат да се доставаат по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2025 година “.

**VI. Рок за поднесување на документите**

-Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2025 година.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година